Државен инспекторат за животна средина
ул. „Павел Шатев“ бр. 2 -Палата „Емануел Чучков“ Скопје
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-42
Датум 07.02.2023година

Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Јавно претпријатие за комунални работи "Комуналец" Кавадарци со седиште ул."Индустриска"ББ, 1430 Кавадарци застапувано од в.д.директор Орданчо Клинчаров и со Записник број ИП1-08-42 од 07.02.2023година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1став 2 став 3, член 28, 98,100,213,214, од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2021 ); според член 6 и член 13 од Закон за утврдување на цени на водните услуги објавен во Службен весник број: 7/2016) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува Ј П К "Комуналец" Кавадарци да постапи по следните задолженија:

-да се извести Регулаторна комисија за енергетика за извршената измена на цените согласно донесени одлуки преку совет на општина Кавадарци бр. 08-4373/26 од 14.07.2022 и бр. 08-4373/27 од 14.07.2022
- да се врши редовно плаќање на заостанат долг по спогодба и да се продолжи со плаќање на надоместокот на месечно ниво согласно закон по доставен документ 05-208/1 и 05-208/2 од 07.05.2023год.
- да се припреми документација за селски водоводи во надлежност на субјектот на надзор и побара водно право за истите од надлежно министерство согласно Закон за води. Воедно оваа активност да ја стави во бизнис планот согласно Закон за утврдување на цени на водните услуги.
- како носителот на дозвола ЈП „Комуналец“ Кавадарци со арх бр. УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год. да пристапи кон склучување на договор со ЈПК „Комуналец“ Неготино
- да се склучи договор со АД Водостопанство подружница Тиквеш во кој ќе се дефинираат правата и обврските за користење на водата од акумулација Тиквеш по дозволата бр. 11-7120/3 од 24.12.2013год. со измена бр. 11- УП1-3203/3 од 17.07.2014 год.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 90(деведесет) дена од приемот на решението.
3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се доставаат во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 член член 230 став 1став 2 став 3, член 28, 98,100,213,214, од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2021 ); според член 6 и член 13 од Закон за утврдување на цени на водните услуги објавен во Службен весник број: 7/2016). преку Главен

водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Јавно претпријатие за комунални работи "Комуналец" Кавадарци со седиште ул."Индустриска"ББ , 1430 Кавадарци застапувано од в.д.директор Орданчо Клинчаров и со Записник број ИП1-08-42 од 07.02.2023година, во кој е констатирано: Во инспекцискиот надзор на ден 07.02.2023 се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба: Правното лице ЈПКР "Комуналец"Кавадарци е носител на дозвола со арх.бр.11-3060/2 од 10.05.2012 год. обновена е со арх бр. УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год. за користење на вода за водоснабдување со зафаќање на вода од извор Лукар 1,2,извор Косматец и зафат на Стара река, со употреба на водоснабдителен систем со придружни објекти , филтер станица, хлоринаторна станица, резервоар 1 и 2 за водоснабдување на Кавадарци и Неготино со дозвола за производство на електрична енергија. Од зафатите водата преку цевковод оди до дистрибуциската комора каде 25% од водата оди во Неготино, а останатите 75% одат во Кавадарци. Потребно е ЈП „Комуналец" Кавадарци веднаш да пристапи кон склучување на договор со носителот на оваа дозвола со ЈП „Комуналец" Неготино. Од зафатот во Лукар согласно дозволата се зафаќа 25% од зафатената вода и се дистрибуира во водоснабдителниот систем на ЈПК „Комуналец" Неготино, при што потребно е во договорот да се вклучат правата и обврските на двете правни лица согласно дозволата УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год Договорот кој се приложи 03-288/1 од 03.07.2018год. не содржи член со права и обврски согласно издадена дозвола УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год.

- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци од систем Лукар ја мери зафатената количина на вода со помош на СКАДА систем.
- При увид е доставен извештај бр.03-376/2 од 26.08.2022 год.за извршени анализи на сирова вода, за изворите Лукар 1и 2 ,Косматец и зафат на Стара река во кои се вели дека водата е биолошки исправна и може да се користи за водоснабдување.
- Правното лице при увид достави Одлука за заштитна зона на место на зафат м.в. Лукар бр. 40-8087/1 од 27.07.2021год.

Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци, нема Дозвола за испуштање во води,

- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци ,надоместокот за користење на вода согласно член 213 и 214 од Закон за водите, потребно е редовно да го пресметува и уплатува кон трезорска сметка еднаш месечно на наплатен надоместок.
- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци,поседува Водостопанска согласност бр.11-5455/6 од 26.11.2011год.за мала хидроелектрана **Лукар 1**, изградена на гравитационен водоснабдителен систем Лукар со зафат на вода 0,26 м³/сек
- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци,поседува Водостопанска согласност бр.11-5456/2 од 01.12.2011год.за мала хидроелектрана **Лукар 2**, изградена на гравитационен водоснабдителен систем Лукар, со зафат на вода 0,36 м³/сек
- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци,поседува Водостопанска согласност бр.11-5457/2 од 01.12.2011год.за мала хидроелектрана **Лукар 3**, изградена на гравитационен водоснабдителен систем Лукар, со зафат на вода 0,26 м³/сек
- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци,поседува Водостопанска согласност бр.11-4631/2 од 26.11.2011год.за мала хидроелектрана **Лукар 4**, изградена на гравитационен водоснабдителен систем Лукар, со зафат на вода 0,26 м3/сек
- Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци,поседува Водостопанска согласност бр.УП1-11/5- 59/2020 од 03.09.2020 год .за мала хидроелектрана **Лукар 5,** изградена на гравитационен водоснабдителен систем Лукар, со зафат на вода 0,30 м³/сек

Доставен е доказ за редовно плаќање надомест за користење на водата за производство на електрична енергија согласно член 213 од Закон за водите.

Правното лице ЈПКР "Комуналец" Кавадарци, поседува решенија за период 2021-2023 од регулаторна комисија за енергетика и тоа:

- Решение бр.УП1 08 – 68/20 од 29.06.2020 год. за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Комуналец" Кавадарци за регулиран период 2021-2023год. Од управен одбор има две одлуки и тоа бр. 02-1260/3од 21.09.2020 и бр.02-1025/3 од 06.07.2022год со донесени две одлуки од совет на општина Кавадарци , и тоа бр. 08-5902/8 од 13.11.2020год. и бр. 08-4373/26 од 14.07.2022год.
- Решение бр.УП1 08 – 69/20 од 29.06.2020 год. за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Комуналец" Кавадарци за регулиран 2021-2023год. Од управен одбор има две одлуки и тоа бр. 02-1260/3од 21.09.2020 и бр.02-1025/4 од 06.07.2022год со донесени две одлуки од совет на општина Кавадарци , и тоа бр. 08-4989/46 од 25.09.2020 и бр. 08-4373/27 од 14.07.2022год.

Согласно примена на законот утврдување на цени на водните услуги (сл.вес.бр.7/2016) менување на цена треба да биде со одобрување на регулаторна комисија за енергетика.
Согласно член 28 од закон за води АД Водостопанство подружница Тиквеш има дозвола бр. 11-7120/3 од 24.12.2013год. со измена бр. 11- УП1-3203/3 од 17.07.2014 год. за користење на вода од река Бошавица и река Луда Мара за наводнување и производство на електрична енергија. Според оваа дозвола има договор за јавно приватно партнерство бр. 03-305/20 од 04.05.2012год. и анекс на договор бр.03-185/2 од 11.02.2013год. управува со пет МХЕЦ.
Согласно Основен проект тех бр. КА 4 -166/12 од јуни 2012 за санација на тиролски зафат Моклиште ХС Бошава изработен од Хидроенеро Инжинеринг ДОО Скопје се дава вода и за водоснабдување. Притоа на зафат од МХЕЦ 1 се носи вода за водоснабдување на јавното претпријатие ЈП Комуналец Кавадарци спротивно на водното право и без договор склучен на основа на закон. Потребно е да се склучи договор за испорака на вода за водоснабдување и за поведената постапка да се извести надлежно министерство.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.
Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопанскиот инспектор и постапување според членот 234 од Закон за води незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за води.
Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15(петнаесет) дена од приемот на решението доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на следната адреса: Кеј „Димитар Влахов„ бр. 4 Скопје. Според член 37 од Закон за административните такси, според тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата во РСМ за жалба против решение за тарифен број 2 се уплатува 250 ден на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.
Решено во Државен инспекторат за животна средина со решение под број ИП1-08-42 од 07.02.2023година.

Лидија Зафировска

---------------------------------------

м.п. Главен водостопански инспектор

Бр.на легитимација Рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год